АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 08.03.2018

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 10 | 1086 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден надзор по службена должност

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 28 февруари 2018 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 8 март 2018 година

5. **Предмет на надзорот:**

   – **Член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (начела);

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот програмски надзор (по службена должност) на емисијата „Само вистина", емитувана на 28 февруари 2018 година, на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, на државно ниво, **констатирано е прекршување на начелото од член 61 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за**: „еднаквост на слободите и правата независно од полот, расата, националното, етничкото и социјалното потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената положба на човекот и граѓанинот". Во емисијата се изнесени стереотипи и предрасуди врз основа на пол, конкретно поврзани со жените и нивниот брачен статус.

Емисијата „Само вистина", емитувана на 28 февруари 2018 година, во периодот од 18:49:54 до 20:05:50 часот, се класифицира како дебата, односно согласно Упатството за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми[1], се вбројува во актуелно-информативна програма која примарно е наменета да известува и/или да анализира актуелни или реактуализирани глобални, регионални и/или домашни општествени случувања, настани и теми.

Гости во емисијата беа Солза Грчева, претседателка на партијата „Глас за Македонија" и Стојанче Ангелов, генерал и поранешен претседател на партијата „Достоинство".

---

[1] Упатство за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми, достапно на: http://www.avmu.mk/images/Upatstvo_za_nacinot_na_klasifikacija_na_vidovite.pdf

Во говорот на гостинката Солза Грчева, поточно во нејзиното обраќање во периодот од 19:36:04 до 19:37:29, изнесени се стереотипи и предрасуди врз основа на пол, во следниве изјави:

- *„Еве сега ќе ви ја опишам како изгледа нашата сцена..."*

- *„..Прво, кој владее во Македонија константно? Се менуваат СДСМ и ВМРО. Тоа се трите ентитета, го забораваме секогаш ДУИ. Коѕијас јасно ни кажа една реченица, по мене многу навредлива, дека ќе сме се мажеле сега како девојка и зет, што било проблем презимето да го смениме? Е сега да ги видиме момиве наши, коишто мислат да ја омажат цела Македонија. СДСМ личи на една уседелица, на една стара девојка, којашто никој не сакаше да се омажи со неа, па ја омажија странците проводаџии на сила. ДУИ стално го исчистувате, еве сега не ви смета Талат, порано ви сметаше..."*

- *„... да докажам. Ми личи на една девојка која што нон-стоп си дозволува да изгуби невиност, ќе оди ќе ја поткрпат на гинекологија, и е исчистена од сите гревови. Оди се премажува со друг. ВМРО ми личи на една разведена распуштеница, очајна, депримирана, која што веќе ни децата свои не ги гледа, чекајќи кој ќе сака да се омажи".*

Грчева, во првиот дел од својата изјава наведува дека ваквиот дискурс од страна на министерот за надворешни работи на Грција Никос Коѕијас, во кој Македонија се сведува на "девојка" која треба да се мажи, е навредлив. Но, во понатамошниот обид за сликовито претставување на дејствувањето на најголемите политички партии во земјата, таа го репродуцира истиот дискурс кој содржи стереотипизирано претставување на половите и на родовите улоги, конкретно поврзани со жените и нивниот брачен статус.

Новинарката Мирјана Трпческа, ваквиот дискурс не го препозна како стереотипизација на која би требало да укаже или пак да се дистанцира од неа, односно гледачите не слушнаа и спротивставен став што е основа за „еднаквост на слободите и правата независно од полот" при медиумското претставување. Стереотипизацијата врз основа на пол (или врз која било друга основа) и недостигот од реакција во врска со неа е спротивно на член 61 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го зема предвид фактот дека ваквите ставови од страна на гостинката во емисијата се искажани во живо, што претставува олеснителна околност при констатирањето на прекршокот. Агенцијата повикува на дополнително внимание од страна на новинарите и медиумите кои организираат дебатни емисии, со цел да се избегне ширење на стереотипи и предрасуди врз која било основа.

## 8. Предлог:

Директорот на Агенцијата, согласно Методологијата за вршење програмски надзор (мониторинг) (бр. 01-3905/1 од 23.07.2014 година) писмено да му укаже на Трговското Радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, дека во емисијата „Само вистина", емитувана на 28 февруари 2018 година, се изнесени ставови во кои се репродуцира стереотипизирано претставување на половите и на родовите улоги, конкретно поврзани со жените и нивниот брачен статус, без реакција од страна на новинарката, што е спротивно на начелото пропишано во член 61 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во делот што се однесува на слободите и правата независно од полот.

***Сектор за програмски работи***